# ОД КУЛТУРНОТО МИНАТО

Љ. ЛАПЕ

## ИСТОРИСКАТА ВИСТИНА ВО ПЕСНАТА „МИ ТОВАРИЛ ДОНЧО ТРИ ТОВАРИ ОРИЗ“

Во неизмерното богатство на македонски народни песни од периодот на револуционерните борби на македонскиот народ, песната „Ми товарил Дончо три товари ориз“ се одделува не само по својата мелодичност, туку и по својата содржина. Што е во неа историски верно и кога се случил настанот за кој се раскажува во песната? Во една од бројните варијанти што и денес народот во Битолско ја пее, се вели:

Ми товарил калеш Дончо
Три товари ориз,
Леле, леле, леле,
Дончо за жалејне,
Оф, оф, оф. оф, оф, оф,
Дончо Штипјанчето.
Ми отишол калеш Дончо,
Во пуста Битола,
Ми дофтасал калеш Дончо
До „Света Недела“.
Го сретоја калеш Дончо
Турци — караколи:
„Шчо ли носиш калеш Дончо
Во тие товари?“
— „Нема нишчо, аго море,
Само ориз носам“.
Бастисаја пусти Турци
И трите товари,
Ми најдоа пусти Турци
Бомби ем патрони.
Летна Дончо да ми бега
По пуста Битола.
Го фатиа калеш Дончо

Пустине заптии,
Го кладоја калеш Дончо
Во пусти апсаани,
Го мачија калеш Дончо
Во тесни долапи.
Истраја ми калеш Дончо,
Нишчо не издаде.[1])

Пред сѐ кој е Дончо, дали тој донесол во вреќите со ориз бомби и за кого, дали навистина Турците ги откриле бомбите скриени во оризот и дали навистина бил фатен, затворен, мачен и не издал никого? Најпосле, ако е сето вистина што се пее во песната, тогаш зошто да не знаеме ништо што станало понатаму со Дончо, бидејќи песната не кажува за тоа.

Во многу срекна околност се наоѓаме што можеме да изнесеме за самиот случај поврзан со песната неколку важни податоци од современици и крупни фигури во нашето национално-револуционерно движење т.е. од Ѓорче Петров, познатиот идеолог на македонското национално-ослободително движење што се случил токму тогаш во Битола, потоа од Анастас Лозанчев и Глигор Попев, членови на Окружниот комитет во Битола.

Во своите необјавени спомени битолчанецот Анастас Лозанчев за настанот што се пее во песната раскажува вака: „Во 1896 г. врвевме со брзи чекори напред... Во таа година го имавме и првото откривање од полицијата кое ја натера во тревога и оттогаш натаму почнува следењето што станува во градот и наоколу.

Доне Штипјанчето беше дотерал на два пати бомби и револуционерна литература, но на третиот пат колџиите од реџието за тутун барајќи тутун, ги наоѓаат во вреќите со ориз бомбите и книгите. Уапсен, тепан до умирачка, измачуван на најинквизиторски начин тој ништо не предаде. Од каде ти се бомбите и книгите? — Не знам, некој ги турил во вреќите; За кого ги носиш? — За никого, јас продавам ориз. Од каде доаѓаш? — Од Кочани. На кого се сомневаш дека ги турил во вреќите? — Никого не познавам. Сум носел ориз и друг пат, сум го продавал од анот и се враќав назад. Никого не познавам во Битола, „а тој два пати беше спал дома кај мене“, продолжува Лозанчев, „ја познаваше и мајка ми и брат ми и имавме состаноци со другари кај мене“.

Осуден беше на 101 година. И по неколку години амнестиран замина за Ќустендил и таму умре“.[2])

---

[1]) Д-р Душко Хр. Константинов и Здравко Божиновски, Тука е Македонија. Народни комитски песни. Скопје 1969, стр. 381.

[2]) Спомени од Анастас Лозанчев (Препис од ракопис кој се наоѓа во библиотеката на Историскиот семинар при Филозофскиот факултет во Скопје под бр. 10.401, стр. 6—7.)

Поопширно за истиов случај прилепчанецот Глигур Попев, покасно на неколку пати после преминувањето од Битола за Солун станал член на Централниот комитет на ТМОРО вели: „На 13 или 14 април 1896 г. заминав со моето семејство на гости во Прилеп. На 15 април од Штип стигна кирацијата Доне Тошев, кој во вреќите со ориз беше поставил и бомби што бевме ги побарале од Битола. Бомбите ни се праќаа од Штип, а ние требаше да ги препратиме во Ресен, Охрид и Струга за да ги видат. На другиот ден Доне замина за Битола. Но кај „Св. Недела", при влегувањето во градот, колџиите ги удриле шиповите за да бараат контрабанден тутун и ги откриваат бомбите. Кога го видел тоа, Доне прснал да бега, но бил фатен и отеран во полицијата. Не е верно тврдењето дека Доне носел писма. Тој беше идел повеќе пати во Битола и знаеше кому треба да му ги предаде бомбите. Брат ми Петруш, кога разбрал за фаќањето на Донета и за откривањето на бомбите, веднаш го исчистил дуќанот и мојата куќа и ми соопшти за случајот. Кога сè научив за станатото, веднаш отидов кај главниот учител Петре Попарсов,[3]) но тој место да ми даде совет, ми се исмеја и ми покажа писмо од Гоце Делчев. Кога излегов од училиштето, сите посветени луѓе беа веќе разбрале за станатото и ме гледаа уплашено. Со втор курир од Битола ми донесоја саморачно писмо од Донета, во кое што ми пишуваше, дека ,побрзо ќе умре, отколку да издаде нешто во полицијата'.

При иследувањето во полицијата Доне рекол, дека оризот бил од некој Евреин. Добро беше што немаше весници и писма, та полицијата погледа полесно на целата работа. Доне беше затворен во долап. Во тоа време во затворот се наоѓаше Јордан Гавазов,[4]) кој од затворениците прислужници разбрал дека имало фатен кирација, во товарот на кого биле најдени бомби. Гавазов се досетил, дека ќе биде тоа наша работа. (Јордан Гавазов беше паднал в затвор во врска со фаќањето на еден четник од четата на Диме Дедо,[5]) кој беше го издал.) Тој успева преку една дупка да влезе во врска со Донета и да го наговори да не издава ништо, кога се разбира, го заплашил дека во противен случај ќе биде убиен. Доне бил држан без леб и вода 36 часа, но Гавазов успеал низ една дупка да го снабдува со храна.

Кога разбраа за откриените бомби, прилепчани почнаа да фантазираат: дека бомбите биле толку силни, што само една од нив можела да урне едно маало, дека другата била определена за конакот, а третата за казармата и не знам што уште. Сега веќе сите посветени и полупосветени почнаа да гледаат малку поинаку

---

[3]) Петре Попарсов, таа година директор на прилепската гимназија.

[4]) Јордан Гавазов од Прилеп, член на месниот комитет во Прилеп и водач на прилепските терористи. 1895 г. паднал в затвор и побегнал покасно, во Прилеп. Заедно со Христо Чемков 1898 г. бил опсаден во Прилеп и за да не падне во рацете на полицијата се самоубил.

[5]) Димо Дедото, прилепски војвода.

на нас и да сметаат дека не се работи за никакви детинштини, а за сериозни работи.

По затворањето на Донета, Пере Тошев и Ѓорѓи Пешков[6]) почнаа да се подзакриваат. И Анастас Лозанчев беше исто така во Прилеп. На 18 или 19 април јас се вратив во Битола... Сите беа разбрале, дека е тоа наше дело и дека се готви нешто сериозно. По откривањето на бомбите духот сред покрстените се подигна".[7])

Најпосле најопширно и со подвлекување на значењето и на местото на Донета во македонското национално-ослободително движење пишува Ѓорче Петров во своите Спомени како што следува:

„Во 1895 г. после востанието,[8]) беше веќе нареден начин за внесување материјали дури од Бугарија: преку граница материјалот го носеа нелегални селани до Кочани, Виница, Штип. Во тоа време Делчев беше во Штип. Во Битола пристигнаа од Кочани 8 бомби од штипскиот комитет. Втора пратка стигна од 4 бомби. Кираџијата Доне, организационен човек, при влегувањето во Битола го фатија. Бомбите беа ставени во вреќи со ориз. Колџиите со шишови мешаат за тутун: шишот удри во железото и се заповедува бргу да се растоварат вреќите. Доне летнал да бега, го фатија. Се направи обид со поткупување, не успеа; го однесоја како голем злочинец. Нас нè фати страв — прв пат судир со власта. Валијата Абдул Ќазим паша ги наредил бомбите на маса и ги вика конзулите да им ги покажува, што прават Бугарите. Бевме посакале бомби од Делчев, да ни прати неколку за да ги видиме како изгледаат, да се поокуражиме, да им се порадуваме. Тие беа празни. Бевме уште во неопределеност. Уште не се надевавме во народната сила, ами баравме спас во бомбите. И Турците не знаеле што се бомби и тие со страв ги беа изнесле во кошница надвор од градот. Од кираџијата ни беше страв да не нè одаде, зедовме мерки да му се сугерира да не предава и ако се види оти ќе предава, да го поништиме внатре во затворот. Додека ние ги земавме овие мерки, во самиот затвор затвореникот од Прилеп Гавазов зел сам од себе мерки. Кираџијата беше ставен во долап — влажна темна дупка, да не може да легне. Гавазов ги откорнал штиците од таванот над него и за да го подбиди, го поканил да каже кои се комитите што му ги дале бомбите. По одговорите негови Гавазов се убедил, оти нема намера да издава. После два-три разговора, Гавазов му се открива и влегува во однос со него, а преку него и со нас. Во долапот Доне почна да јаде печени кокошки и пити. Доне беше многу измачуван; горен по грб со железо, биен, но остана до крај цврст — со одговорите „Не знам ништо, друг ги

---

[6]) Ѓорѓи Пешков од Прилеп, член на Окружниот комитет во Битола и учесник во Илинденското востание.

[7]) Боянъ Мирчевъ, Спомени и нѣкои активни дейци въ македонското движение. Известия на Института по българска история, томъ VI, стр. 500—501.

[8]) Овде Ѓорче мисли на Мелничкото востание од 1895 г.

ставил, без да ме праша“. Го осудија на 101 година и лежа во Битола, а после беше амнестиран. — Тоа беше прва провала, непријатност за нас. Тој настан помина на своето време како прв, за многу крупен, му направи силен впечаток на нашето и на турското општество. Цврстото држење на Донета ни направи силен впечаток и многу нѐ окуражи. Доне е штипјанец. Примерот од Донета изигра голема охрабрувачка улога. Се разбра оти постои револуционерна организација, „толчок“ за прогрес. Турците не се сетија понашироко да ја испитаат работата. Јас бев уште во Битола кога стана Доневата афера, но преку распустот бев излегол надвор од Битола. Имаше слични случаи со фатено оружје тогаш и во Штипско, во Виница. Куририот и овде не изврши предавство и покрај измачувањето: нагорен јаглен во устата, железен нагорен ражен во задникот. Селанецот виничанец онеме од измачувањата и прозборува после една година. Не издаде ништо. Тоа беше истовремено со Доневата случка и тоа многу нѐ окуражи. Доне си создаде име во Организацијата како праотец на цврсто држење во најголеми страдања. Така се создаде традиција — еден друг да не предава, да не се издава ништо. Се натпреваруваа кој повеќе маки да истрае. Барањето на Донета беше само да им се дава по една вреќа брашно на децата, и тоа го правевме. И селанецот во Виница посакал да им се дадат по две лири на децата. Доне кога излезе од затвор, со смеа раскажуваше за своите маки како за нешто обично“.[9])

Од сите три овде цитирани автентични извори јасно се гледа дека Доне Тошев, какво е неговото вистинско име, е историска личност и бил еден од најраните членови на Тајната македоно-одринска револуционерна организација во Штип и како курир добил задача да пренесува бомби од едно место во друго; дека по барањето на Окружниот комитет во Битола, Гоце Делчев го задолжил во месец април 1896 г. Донета да ги пренесе овие бомби; дека при влегувањето во Битола турските власти ги откриле бомбите во вреќите со ориз и дека за да се спаси Доне се обидел да побегне, но бил фатен. Затворен и мачен тој во затворот не издал никого, едно поради тоа што самиот тој останал верен на клетвата на Организацијата да не смее да издаде ништо, а друго и заради тоа што и во затворот прилепскиот терорист Јордан Гавазов го заплашил со смрт ако издаде некого. Сите тројца современици на настанот исто така раскажуваат дека Доне бил осуден на затвор. По излегувањето од затвор Доне се преселил да живее во Ќустендил. Меѓутоа, Доне и понатаму продолжил да ѝ служи на Организацијата како курир. Во времето кога Ѓорче ги раскажувал своите спомени, 1908 год., Доне уште бил жив во Ќустендил и се

---

9) Спомени на Ѓорче Петров, Скопје 1950, стр. 27—29.

занимавал со трговија. Умрел 1930 год., оставајќи синови и ќерки, и внуци кои се и денеска живи.[10])

Песната за Доне Штипјанчето, како и редица други македонски народни револуционерни песни, одразува една светла страница од нашето минато. Таа зборува за херојското држење на македонскиот човек пред непријателот, за неговата готовност да умре само да не ја открие тајната. Во таа смисла песната служела како силно воспитно средство за младите поколенија што живееле во ропски услови.

Една нејзина варијанта што почесто се слуша по нашето радио го има на крајот како епилог двостишието „Аферим бре калеш Дончо, никој не издаде"! Овие два стиха јасно зборуваат за односот на народот со пиетет и признание кон херојското држење на Дончо и неговите претрпени маки. Воопшто целата песна може да даде повод за да се говори со учениците за неколку светли страници од активноста на Тајната македоно-одринска револуционерна организација, т.е. за нејзините напори преку свое сопствено изработено оружје во бомболеарниците во Ќустендилско и други места во Македонија[11]) да го подготвува народот за тешката борба која што често пати врвела низ затвори, измачувања и губење на многу животи како цена за да се добие слободата. Дончо и Виничанецот се само единечни примери од стотици такви кои македонскиот народ со благодарност ги овековечи во своите песни.

---

10) Авторот на овие редови имаше можност да се состане со една од неговите внуки во Ќустендил која пројави жив интерес за сè што е пишано за нејзиниот дедо. Со ова ја исполнувам нејзината желба.

11) Види поопширно за ова во мојата статија „Снабдување на охридските револуционери со оружје до Илинденското востание. Годишен зборник на Филозофски факултет Скопје, Том IV, (1951).